РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1913/3
16-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот -------- ---------- од ----------- - ---------, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на продолжението на 42-та седница одржано на ден 14.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5547 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-5547/1 од 10.12.2019 година, доставена од подносителот -------- ---------- од ----------- - ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-5547 од 2019 година, во предметниот случај постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-5547 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5547 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-5547/1 од 10.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот -------- ---------- од ----------- - ---------.

Во пријавата се изнесени наводи против лицата ----- ---------- и ---------- -----------, поранешен и сегашен директор на гимназијата -------- Кичево, за нивно неправилно работење и злоупотреба на службена положба и функцијата.

Во доставената пријава се наброени неколку паушални наводи, кои подносителот ги наведува по свои сознанија и по наводи што ги слушнал од други лица, за извршени злоупотреби од страна на пријавените лица додека ја вршеле функцијата директор на гимназијата и тоа: злоупотреба на средствата за одржување на гимназијата; неправилна распределба на професорите од едно во друго средно училиште по основ на дополнување на фондот на часови; злоупотреба на средствата од фондот за приватни часови кои ги држеле професорите а парите го добивало училиштето; неправилности при именување на помошник директор; незаконско распоредување на сметководители во школото; толерирање на платено отсуство на професори на кои им се исплатувала плата а отсуството било користено за нивна работа во странство; неправилно пресметување на фондот на часови на сменоводителот; неосновано распоредување на поранешен директор по завршувањето на мандатот на работно место библиотекар во истото училиште кое воопшто не било предвидено како такво и голем долг на училиштето направен за време на нивното директорување. Доставената пријава е насловена до Јавен обвинител во -------- и се бара да бидат поведени судски постапки

против пријавените лица ако се потврдат предметните наводи, а во пријавата е наведено дека истата пријава ќе биде доставена до ДКСК, премиерот и до МВР – полиција.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до Основното јавно обвинителство -------- за прибирање на податоци, информации и документација во врска со предметните наводи.

Во врска со доставеното барање, на ден 19.05.2019 година, добиен е одговор со кој ДКСК се известува дека до Основното јавно обвинителство -------од страна на ------ ---------- против ------- ---------- и ------ -----------, поранешниот и сегашниот директор на гимназијата „ -------„ во Кичево биле доставени неколку кривични пријави за кои биле формирани повеќе предмети. Во поднесените кривични пријави подносителот пријавувал неправилности во работењето на директорите во однос на исплата на плати, вработувања. одобрување на неплатено отсуство и друго. Постапувајќи по поднесените кривични пријави од страна на ова обвинителство биле преземени повеќе дејствија со цел да се утврди дали во дејствијата на пријавените постои кривично дело и за таа цел од нивна страна биле доставени повеќе барања за известувања до соодветни институции - до Општинското средно училиште „---------", ОВР Кичево и Државен просветен инспекторат. Од страна на обвинителството биле донесени Решенија за отфрлање на поднесените кривични пријави кои се правосилни, бидејќи ова обвинителство нашло дека пријавените дела не се кривични дела за кои се гонат по службена должност. Што се однесува до доставеното барање - пријава на оштетениот ------- --------- , за која ДКСК бара информација, се известува дека пред ОЈО --------- се уште било во тек прибирање на докази од страна на ова обвинителството а откако ќе се прибереле сите докази ќе се донела соодветна јавнообвинителска одлука за што оштетениот ќе бил уредно известен.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во предметниот случај се постапува од страна на друг надлежен орган - ОЈО --------- пред кој постапката е се уште во тек, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот, се запира а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 1913/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до : Архива и Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК